Скопско лето ´86

Културно просветна заедница на Скопје

Музеј на современата уметност - Скопје

ШКУЦ-ФОРУМ ВИДЕО ПРОДУКЦИЈА - ЉУБЉАНА

Авторска видео продукција 1985 и 1986



12.07.1986

ШКУЦ-ФОРУМ ВИДЕО ПРОДУКЦИЈА - ЉУБЉАНА

Авторска видео продукција 1985 и 1986

"МОМЕНТИ НА ОДЛУКА"

автор: Марина Гржинич, Аина Шмид
ВХС, во боја, 13 мин., 1985
продуцент: Цанкарјев Дом
копродуцент: Шкуц-Форум, Марјан Осоле Макс

Видеопроектот "Моменти на одлука" се базира врз секвенци од истоимениот филм од режисерот Ф.Чап, снимен во 1955 година. Филмот на Чап е партизански филм - драма, а неговата реконструкција по пат на видеото му нуди на гледачот дополнителна приказна, "овој пат" мелодрамска.

Поточно, видеото "Моменти на одлука" реинтерпретира одредени психолошки моменти, карактеристични за жанровскиот филм. Со тоа, пред сé се нагласуваат интерсубјективните односи помеѓу актерите, односи типични за жанровскиот код во филмот. Употребата на одредени технолошки можности овозможува реализација на синтетичка видео слика која претставува нов пристап во продукцијата на уметничкиот видео.

"ПЕСНАТА НА МЕСОТО И СЛИКАТА СТАНА ТЕЛО"

автор: Маре Кович
ВХС, во боја, 16 мин., 1985
продуцент: Шкуц-Форум
копродуцент: Марјан Осоле Макс

"КРИКОВИ И ВРЕСКАЊА"

автор: Келер
ВХС, во боја, 15 мин., 1985
продуцент: Шкуц-Форум
копродуцент: Марјан Осоле Макс



Video-projekt »Trenutki odločitve«

Келер е автор на музиката, сниматeл и монтажер. Музиката е ритмична, со минимални мелодии кои се преплетуваат. Во спотовите препознавме кадри од веќе видени филмови, најчесто трилери.

"ТОЛКУ МЛАДИ"

автор: група Боргезија
ВХС, во боја, 30 мин., 1985
продуцент: Цанкарјев Дом
копродуцент: Шкуц-Форум, Марјан Осоле Макс

Групата Боргезија е автор на музиката и видеото. "Толку млади" претставува извонредно авторско остварување и на двете од овие подрачја. Видеото укажува на некои основни видови на младинското секојдневие и свртува внимание кон нејзината неискажана, забранета и прикриена страна.

"SHE WAS WHAT HE HAD MISSED" (Дали ја знаеш својата должност, сликару?)

автор: Јордан Ожболт
ВХС, во боја, 12 мин., 1986
продуцент: Шкуц-Форум

"ВО ПОТРАГА ПО ИЗГУБЕНОТО ВРЕМЕ"

сценарио и настап: hard core групи
У.Б.Р., Тожибабе, Одпадци цивилизације,
Епидемија, Треча категорија
камера: Невен Корда, Радмила Павловиќ и други
звучни снимки: импровизирани ФВ студио, Алдо Иванчиќ
ВХС, во боја, 30 мин., 1985
Спотовите се снимени во автентични hard core амбиенти со автентични личности од најпродуктивната музичка герила во Љубљана.

"ШКУЦ Р.О.П.О.Т. 1984/85"

камера: Невен Корда, Радмила Павловиќ, Андреј Лупинц и други
монтажа: Анита Лопојда и Дамјан Козоле
ВХС, во боја, 45 мин., 1985

Видеото ја прикажува успешната концертна сезона во Љубљана, во 1984/85 година, кога се претставија групите од светската алтернативна сцена: Нико, Тест Департмент, Ајнштурценде Нојбаутен, Икс-Мал Дојчланд, Лајбах, Радио Варшава, Тотен Хозен, Анџелик Апстерс, Д.О.А., Бенјамин Зефаниа.....

